**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИЗБРАНИТЕ ФОРУМСКИ ПРИОРИТЕТИ КОИ СТАНАА ДЕЛ ОД ПРОГРАМИТЕ И БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА 2023 Г.**

**Од 48 –те приоритети рангирани на 4 форумска сесија минатата година кои станаа дел од буџетските програми на општината за 2023 година:**

1. **Целосно се реализирани 21 проект /44%**
2. **Во фаза на реализација се 11 проекти/23%**
   **или вкупно 67%**
3. **Делумно се реализирани 3 проекти /6 %**
4. **Не се реализирани 13 проекти /27 %**

**Целосно реализирани се проектите:**

| РАНГ | ПРОЕКТ | **Статус**<br>**Состојба 31.10.2023г.** |
|---|---|---|
| 1 | Редовна контрола, прочистување и информирање на граѓаните за квалитетот на водата за пиење.<br><br>**Планиран буџет: ЈП Комуналец** | **Проектот е реализиран**<br>Заклучно со месец октомви се земени 20 физ. хемиски и 20 микробиолошки анализи како и една периодична анализа.Периодичната анализа опфаќа голема физичко – хемиска анализа, бактериолошка, паразитолошка, радиоактивност и присуство на пестициди.<br><br>Сите земени мостри за анализа на вода за пиење одговараат на законските и стручни прописи по Правилникот за безбедност на водата за пиење („Сл.весник“на РСМ,бр.183 од 2018 год.) Крива Паланка е во групата на градови со висок квалитет на водата за пиење. |
| 5 | Одлука, со опомена,а потоа казна за возачите кои не ги паркираат возилата само од страната на улицата за која е договорено. Да се обележат улиците од која страна да се паркираат возилата.<br>**Планиран буџет: 100 000,00 мкд** | **Проектот е реализиран**<br>На проблемот со паркирањето општината континуирано работи, и истиот планира целосно да се реши со воведувањето на зонско паркирање која реализација е во тек. Во соработка со ПС од Крива Паланка ги превзедоме сите мерки да немаме паркирани возила на тротоарите за да можат пешаците безбедно да се движат.<br>Воедно сообраќајната полиција континуирано е присутна во централното градско подрачје со цел превенирање на непрописно паркирање. |
| 8 | Санација на пристапни патишта и јавна површина кај ''Зелен пазар''<br>**Планиран буџет: 500 000,00мкд** | **Проектот е реализиран**<br><br>Извршена е санација на јавни површини и на пристапи на локалитетот кај градски пазар во вкупна површина |

| | | |
|---|---|---|
| | | одоколу 4000 м2 / 6 000 000,00 мкд. |
| 9 | Поголемо учество на младите во донесување на одлуките во делот на младинската политика.<br>**Планиран буџет: Без буџетски импликации** | **Проектот е реализиран**<br>- формиран младински совет<br>- зголемена соработка со ЕУ хаус<br>- Објавен Повик преку РЕЛОАД за зголемување на младинската активност |
| 10 | Идејно решение за нови паркинг простори во центарот на градот<br>**Планиран буџет: 200 000,00** | **Проектот е реализиран**<br>Ќе отпочне изградбата на крак на ул.Св.Јосаким Осоговски со што со самата изградба се предвидуцва проширување на улицата за дополнителни паркинг места.<br>Во иднина се планира и поставување на монтажна гаража. |
| 14 | Изградба на тротоар од Осичка маала до мотел<br>**Планиран буџет: 6.000.000,00 мкд** | **Проектот е реализиран**<br>Изведени се тротоари во должина од околу 600 м. Извршена е и целосна реконструкција на улицата. **12.000.000,00 мкд** |
| 15 | Чистење и одржување на на атмосферска канализација во нас.Бегови Бавчи, ул. 17та Македонска Бригада и на други улици<br>**Планиран буџет: 60.000,00** | **Проектот е реализиран**<br>Чистење и Одржување на атмосферска канализација се врши редовно преку програмата за јавна чистота и ЈП Комуналец зависно од обем на дождови. Оваа година поради обемноста на дождовите се интервенираше повеќе пати на прочистување на одводите на атмсферската вода на територијата на целата општина. |
| 16 | Изградба и поставување на спортско-рекреативни детски игралишта<br>**Планиран буџет: 3.500.000,00** | **Проектот е реализиран**<br>-Во населба Илинден<br>-Населба Баглак кај метереолошка<br>-Нас. Скрљава -кај чешмата<br>-испод зградите кај Единство<br>- На 8-ми Октомври до интернатот / 4 800 000.00 мкд |
| 23 | Забрана за непрописно шетање на кучиња по стазата покрај Крива Река.<br>**Планиран буџет: Без буџетски импликации** | **Проектот е реализиран и континуирано продолжува**<br>Редараската служба на општината (комунални редари) се континуирано на терен и ги опоменуваат сопствениците за почитување на законските обврски и критериумите за шетањето на кучињата на стазата. |
| 24 | Унапредување и развој на земјоделството и сточарството во Општината - обука претприемачки капацитети<br>**Планиран буџет: 60.000,00** | **Проектот е реализиран**<br>Обуката се реализираше во соработка со подршка од УН Women и професори од земјоделски факултет преку повеќе модули, а во фокусот на внимание беше зајакнување на претприемачките капацитети на руралната жена. |
| 27 | Зачувување на културата и традицијата (осоговско село, компиријада, и народни носии)<br>**Планиран буџет: 500.000,00** | **Проектот е реализиран**<br>Организирани се други типови на настани односно тука наброените активности се дел од други поголеми настани како шопска софра, фестивал на храна но и во одредени реализрани активности на Градскиот Музеј. |
| 28 | Финансирање на едукативни и креативни работилници за културно наследство –<br>**Планиран буџет: 20.000,00** | **Проектот е реализиран**<br>Градскиот музеј како локална институција има богато портфолио на реализација на едукативни и креативни работилници минатата година во делот на културното наследство вклучително и живата култура. |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | Фестивал на храна збогатен со културно уметничка програма –пороизлезен од збратимувањето со град Лесннковац.<br><br>**Планиран буџет:500.000,00** | **Проектот е реализиран**<br>- реализирани се два проекти со фокус и акцент на локалната кујна<br>1. Фестивал на храна – 29.08.2023 на кој се презентираа национални производители на храна и кривопаланечката традиционална храна (финансиски поддржано од МЗШВ) ..... 1.200.000,00 МКД<br>2. Шопска софра – 09.10.2023 – презентација на локални специјалитети во склоп на 8ми октомври, во присуство на збратимени градови, амбасадори, министри и други официјални гости на настанот – 120.000 МКД |
| 33 | Едукативни работилници наменети за РО ММС зголемување на капацитетите за искористување на средства од пристапни фондови.<br>**Планиран буџет:** | **Проектот е реализиран**<br>- **UN Women**<br>- ИПА прекугранична со Србија. |
| 34 | Регулирање на паркинг на такси превозниците кај градски плоштад.<br>**Планиран буџет:10.000,00** | **Проектот е реализиран**<br>Општината имја постапено по истото, односно изработен е сообраќаен проект и истиот е реализиран со што на лице место има точно означено паркиралишта за такси превозниците. |
| 37 | Рекреативно катче за млади.<br><br>**Планиран буџет: 4 800.000,00** | **Проектот е реализиран**<br>Создаваме подобри услови за младите, за дечињата - одниту едно детско урбано катче во Крива Паланка во 2021 година, денес изградени се и уредени 10 детски урбани катчиња, а во фаза на проектирање се уште 7.<br>Само за детски катчиња во 2023 година инвестиравме 4.800.000 денари, а изминатите две години вложивме близу 8.000.000 денари. |
| 40 | Да се направи јама за животински отпад<br><br>**Планиран буџет:ЈП Комуналец** | **Проектот е реализиран**<br>Во рамки на постојната депонија, постои изградена јама за животински отпад, на истата се направи досредување и е во функција |
| 42 | Уредување на дворните површини во градинките со реквизити<br><br>**Планиран буџет: ДГ Детелинка** | **Проектот е реализиран**<br>Двете градинки се опремени со детски игралишта / донација преку ФЛЕКС креидити и преку програмата РОМААКТЕД<br>Буџет |
| 44 | Обука за подготовка на проекти за EU фондови.<br><br>**Планиран буџет: Срества од ЕУ и други фондови** | **Проектот е реализиран**<br>- Un Women<br>- **RE-LOAD**<br>- **CUP ( центар за управување со промени)**<br>- **Проектен форум** |
| 45 | Отстранување на хаварисани возила.<br>**Планиран буџет: 2 0000,00** | **Проектот е реализиран**<br>И продолжува во континуитет преку редарската служба (комуналните редари) во општината |
| 46 | Реализација на обуки за зајакнување на капацитетите на НВО за подготовка на апликации<br>**Планиран буџет: Донаторски средства** | **Проектот е реализиран**<br>РЕЛОАД програма на УНДП |

Во фаза на реализација се проектите:

| РАНГ | Проекти | **Статус**<br>**Состојба 31.10.2023г.** |
|---|---|---|
| 2 | Изградба на дом за стари лица.<br>**Планиран буџет:Донаторски средства** | **Во фаза на реализација** Општината го реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика.<br>Локацијата е дел постоечкиот интернат Боро Менков и во моментот се води постапка за префлрлање на објект 1 и 2 за потребите на домот за стари лица.Техничката документација е изработена од страна на проектантска фирма со што се обвезбедуваат околу 20 легла со проектот во прва фаза.<br>Проценетата вредност на оваа 1 фаза е 15.000.000,00 мкд |
| 3 | Решавање на проблемот со заматувањето на водата за пиење<br><br>**Планиран буџет:200.000,00** | **На овој приоритет општината во соработка со ЈП Комуналец континуирано работи**<br>И покрај тоа што квалитетот на водата е на висико ниво, за жал сеуште има метални цевки кои што не се сменети долг временски период и од истите при промена на притисок во водоводната мрежа понекогаш доаѓа до заматување на водата, но матноста е во дозволените граници.<br><br>За отстранување на овие несакани појави ЈП „Комуналец"- Крива Паланка во соработка со Општина Крива Паланка во граници на финансиската можност врши замена на овие застарени линии, се со цел испорачување на квалитетна вода до крајниот корисник. |
| 12 | Изградба на прва фаза од водоснабдителен систем ''Вирови Грамаѓе''<br>**Планиран буџет: 15.000.000** | **Проектот е во фаза на реализација**<br>Средства се обезбедени како грант преку МЖС и во тек е докомплетирање на техничка документација/ 9км |
| 13 | Сообраќајно решение за влез и излез на возила. Правилно паркирање на ново направена стаза за паркирање и поставување на знаци за забрането паркирање на стазата за движење на луѓето. ( нов крак од ул Св. Јоаким Осоговски/ соларски мост , дол на нумулија).<br>**Планиран буџет: 100.000,00** | **Проектот е во фаза на реализација**<br><br>Ќе отпочне изградбата на крак на ул.Св.Јосаким Осоговски со што со самата изградба се предвидува проширување на улицата за дополнителни паркинг места |
| 19 | Атмосферска канализација на улица Баглачка<br>**Планиран буџет: 3 000.000,00** | **Проектот е во фаза на реализација**<br>Проектот е во тек и ќе се заврши до крај на ноември |
| 20 | Донесување на деталeн урбанистички план за Калин Камен<br><br>**Планиран буџет:650.000,00** | **Проектот е во фаза на реализација**<br>Во мометот општината има отпочнато постапка за донесување на Урбанистички план за вон населено место за иградба на викенд населба на локалитет Калин Камен, на приватна иницијатива. Но во иднина заради заштита на локалитетот но и негов урбан развој се планира изготвување на ДУП со поголем опфат. |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Зонско паркирање.<br><br>**Планиран буџет: 650 000,00** | **Проектот е во фаза на реализација**<br>Општината има изработено проект за зонско паркирање со што во иднина би се решил сообрачајниот метеж. Во тек е реализацијата на истиот. |
| 26 | Приоритет на изработка на техничка документација за локален пат Конопница-Крстата падина<br><br>**Планиран буџет: 1 000.000,00** | **Проектот е во фаза на реализација**<br>Обезбедени се средства за проектирање преку УНДП и се очекува распишување на јавна набавка |
| 38 | Воведување на сообракајна сигнализација на патото кон Калин Камен (заради зголемена безбедност и означување на кривините)<br>**Планиран буџет: 50.000,00** | **Проектот е во фаза на реализација**<br>Обезбеден е проект и одобрение за реконструкција за локалниот пат од Манастир кон Калин Камен во должина од околу 2.5 км и се очекува да бидат обезбедени средства за реализација. Потоа би се решавало и сообраќајно |
| 39 | Обезбедување на услови за развој на локалитет Калин Камен во функција на развој на туризмот.<br><br>**Планиран буџет: Од други извори и буџет на општина** | **Проектот е во фаза на реализација**<br>**Отпочнати се постапки за донесување на урбанистички планови вон населено место како и постапка за изработка на урбанистички проект за линсика инфраструктура за изградба на нова водоводна мрежа со зафаќање на нови извори и истата ќе биде во функција исклучиво за локалитет Калин Камен.**<br>**- Проекти за развој на туризам – адреналински парк**<br>**- Во тек е изработка на техничка документација за детско катче** |
| 43 | Уредување на пропустите на Селска река<br><br>**Планиран буџет:20.000,00** | **Проектот е во фаза на реализација**<br>Тоа ќе биде опфатено со техничката документација за потегот Стамболици -Крстата Падина за кој се обезбедени средства |

**Делумно се реализирани проектите:**

| РАНГ | Проекти | **Статус**<br>**Состојба 31.10.2023г.** |
|---|---|---|
| 7 | Регулирање на сообраќајниот метеж не само во центар туку и населбите и дефинирање на паркинг простор.<br><br>**Планиран буџет: 100.000,00** | **Проектот е делумно реализиран**<br>Општината има изработено проект за зонско паркирање со што во иднина би се решил сообрачајниот метеж.Исто така ќе отпочне изградбата на крак на ул.Св.Јосаким Осоговски со што со самата изградба се предвидуцва проширување на улицата за дополнителни паркинг места.<br>Во иднина се планира и поставување на монтажно-демонтажна катна гаража. |
| 29 | Асфалтирање на ул.Коце Металец<br><br>**Планиран буџет: 1 000.000,00** | **Проектот делумно е реализиран**<br>Саниран е само еден карак од улицата, се работи на техничка документација за другите делови |
| 32 | Повеќе манифестации за деца од предучилишна и училишна возраст.<br><br>**Планиран буџет: 10.000,00** | **Проектот делумно е реализиран**<br>**- 1 април – априлијада**<br>**- Велигденско јајце**<br>**- Распеано симитче** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **- Културно лето / програма за деца** |

**Не се реализирани проектите:**

| РАНГ | Проекти | **Статус<br>Состојба 31.10.2023г.** |
|---|---|---|
| 4 | Ставање во употреба на лифтот во ООУ Јоаким Крчовски за лицата со посебни потреби.<br><br>**Планиран буџет: ООУ ,,Јоаким Крчовски,,** | **Проектот неможе да се реализира**<br>Истиот не е граден согласно стандардите и затоа нема можност за негово ставање во функција.<br>Има голем технички проблем, затвора прозори на три училници, минува низ три канцеларии, вратите не се прилагодени согласно потребите на деца со посебни потреби итн. Во моментот се вкупно 5 деца/ученици со посебни потреби, истите немаат потреба од лифт, но секогаш ОУ Јоаким Крчовски, паралелките со овие деца ги сместува на прviот кат. |
| 6 | Спојување на ул.Македонска (кај кошот) со љиљаков мост со поплочување и скали со држачи.<br>**Планиран буџет: 600.000,00** | **Проектот не е реализиран**<br>Поради поплавите кои ја зафатија територијата на општината беа дадени други приоритети, се планира во иднина |
| 11 | Решение за Касарната и просторот околу неа<br>**Планиран буџет: 60.000.000,00** | **Проектот не е реализиран**<br>СЕ чека усвојување на нов детален план и можност за апликација на одреден повик |
| 17 | Наместо контејнери, домашниот комунален отпад да се собира во најлон вреќи во садовите од 180л.Така да се предава отпадот, а собирачите на отпад да бидат прецизни со времето на собирање.<br>**Планиран буџет: 2 400.000,00** | **Проектот не е реализран**<br>Поради поплавите кои ја зафатија територијата на општината беа дадени други приоритети, се планира во иднина |
| 18 | Да се обезбеди кривината кај Карпош, да се издвои од паркингот, и по можност да се стави лежечки полицаец и забрана за паркирање на товарни возила.<br>**Планиран буџет: 200.000,00** | **Проектот не е реализран** |
| 21 | Воведување на стимулативни мерки за селекција и рециклирање на отпад.<br>**Планиран буџет: 650.000,00** | **Проектот не е реализран**<br>Поради поплавите кои ја зафатија територијата на општината беа дадени други приоритети, се планира во иднина |
| 25 | Центар за НВО<br><br>**Планиран буџет: Донаторски средства** | **Проектот не е реализиран**<br>Центар за НВО е планиран во техничкиот проект за реконструкција на зградата ( стар завод). Потребна е целосна реконструкција на просторот што бара големи финансиски средства, кои општината во овој момент не е во можност да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет, но не се откажуваме од барање на средства од меѓународни донатори**.** |

| | | |
|---|---|---|
| 30 | Обуки за занаети во изумирање во соработка со АВРМ.<br><br>**Планиран буџет: Без буџетски имоликации** | **Проектот не е реализиран**<br>**Нема интерес затоа што во мометот нема економски бенефит**<br>**- Во изминатиот период правиме значителни напори како општина да го заштитиме и актуелизираме прозводството на – симит и др. стари занаети но нема интерес од лица како потенцијални нови занаетчии.** |
| 35 | Поофанзивно делување во опремување на Сензорна соба во ОЈУДГ Детелинка.<br><br>**Планиран буџет: Донаторски средства** | **Проектот не е реализиран**<br>Специфичност на проектот / во изминатиот период не обезбедивме средства. Но ќе продолжиме со напорите и во иднина. |
| 36 | Да се направи план и програма за кабест отпад – отстранување<br>**Планиран буџет: ЈП Комуналец** | **Проектот не е реализиран**<br>Поради поплавите кои ја зафатија територијата на општината беа дадени други приоритети, се планира во иднина |
| 41 | Превентивни и едукативни мерки за правилно чување на домашни миленици и зголемена контрола на инспекциски служби<br>**Планиран буџет: 50.000,00** | **Проектот не е реализиран**<br>Поради поплавите кои ја зафатија територијата на општината беа дадени други приоритети, се планира во иднина |
| 47 | Зголемување на свеста кај граѓаните за вдомување на миленичиња преку едукативни активности.<br>**Планиран буџет: 50.000,00** | **Проектот не е реализиран**<br>Поради поплавите кои ја зафатија територијата на општината беа дадени други приоритети, се планира во иднина<br>Да се даде образложение зошто |
| 48 | Кампања за вдомување на бездомните кучиња.<br><br>**Планиран буџет: 50.000,00** | **Проектот не е реализиран**<br><br>Поради поплавите кои ја зафатија територијата на општината беа дадени други приоритети, се планира во иднина |

***ПРЕПОРАКИ:***

***Од Форумот до општината во рамки на 13-те буџетски програми кои беа дискутирани на форумот беше доставена листа со Препораки. Листата ги содржи сите граѓански идеи и проблеми кои не влегоа односно останаа надвор од буџетските и програмски приоритети на општината и неможеа да бидат вкучени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година.***

## *Во фаза на реализација*

| | **Проект** | **Статус**<br><br>**31.10.2023** |
|---|---|---|
| 1 | Да биде донесен ДУП за десниот брег | Се создадоа предусловите за реализацијата на овој проект<br><br>Се донесе ГУП<br><br>Во наредниот период активно планираме да работиме на ДУП за десен брег |
| **2.** | Поставување на фотонапонски панели на јавни институции. | Зграда на Општина<br><br>Зграда на Г.Музеј<br><br>Зграда на Детелинка<br><br>Зграда на ОУ Јоаким Крчовски (Партизан)<br><br>Зграда на интернат Боро Менков<br><br>Буџет : 6 200.000,00 мкд<br><br>CMSR -Центар за меѓународна соработка за развој од Љубљана |
| **3.** | Отворање на стационар за кучиња преку стимулативни мерки од општина и држава | Во постапка е донесување на Урбанистички план вон населено место, за изградба на локална депонија за одлагање на инертен отпад (градежен шут) и изградба на стационар со ординации за домашни миленичиња во с.Конопница.<br>За оваа намена Општината вложи 3.000.000 денари за откуп на земјиште |